**ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)**

Обесштетувањето на штедачи во членки на Фондот кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот. Во текот на 2017 година немаше ризичен настан кај членките на Фондот со што обврските на Фондот за обесштетување на штедачи продолжија да се реализираат за ризични настани кои настанале во минатото.

Од формирањето на Фондот во јануари 1997 година до 31.12.2017 година, се случиле вкупно 11 ризични настани. Вкупната пресметана обврска за обесштетување од единаесетте поранешни членки на Фондот изнесува 1.522,8 милиони денари. Од 1997 година до 31.12.2017 година се обесштетени вкупно 20.042 штедачи во вкупен износ од 1.371,35 милиони денари што претставува 90,05% исплатени обврски од Фондот за обесштетување кон штедачите. Останатите 9,95% претставуваат обврска за обесштетување во вкупен износ од 151,46 милиони денари кон 101.909 штедачи кои од лични причини не го оствариле своето право на обесштетување од Фондот (Табела 1). Анализата на структурата на овие штедачи укажува дека над 50% од нив имаат поединечни депозити - предмет на обесштетување помеѓу 100 денари и 1.000 денари кои можеби поради неатрактивноста на износот и покрај бројните јавни повици за можноста да го остварат своето право на обесштетување сепак истото не го остваруваат.

Табела 1. Приказ на обесштетување на депонентите кај членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан до 31.12.2017 година

во денари

| | | | | Пресметано обесштетување | | Исплатено обесштетување | | % | % исплатено / пресметано | | Неисплатено обесштетување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на банка/ штедилница | Датум на почеток на | Вкупни депозити | Износ | Лица | Износ | Лица | пресметано/ вк. депозити | Износ | Лица | Износ | Лица |
| 1 | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1 | Штедилница Уни-проком Скопје | 01.02.2000 | 7.881.535,00 | 5.118.308,00 | 144 | 4.919.527,00 | 79 | 64,94 | 96,12 | 54,86 | 198.781,00 | 65 |
| 2 | Алмако банка а.д. Скопје | 18.08.2000 | 2.850.306,00 | 1.784.964,00 | 721 | 381.205,00 | 10 | 62,62 | 21,36 | 1,39 | 1.403.759,00 | 711 |
| 3 | Митштедилница - Куманово | 10.07.2003 | 6.790.123,00 | 6.769.325,00 | 56 | 6.767.552,00 | 33 | 99,69 | 99,97 | 58,93 | 1.773,00 | 23 |
| 4 | А.Д. Радобанк Скопје | 25.08.2005 | 86.224.735,00 | 76.005.555,00 | 3.629 | 72.412.381,00 | 785 | 88,15 | 95,27 | 21,63 | 3.593.174,00 | 2.844 |
| 5 | Штедилница Киро Ќучук - Велес | 15.09.2006 | 3.351.082,00 | 3.318.630,00 | 762 | 3.239.487,00 | 186 | 99,03 | 97,62 | 24,41 | 79.143,00 | 576 |
| 6 | Експорт импорт банка а.д. Скопје | 29.03.2007 | 106.227.033,00 | 95.608.485,00 | 1.166 | 92.386.605,00 | 606 | 90,00 | 96,63 | 51,97 | 3.221.880,00 | 560 |
| 7 | Македонска банка а.д. - Скопје | 04.12.2007 | 1.543.168.574,00 | 1.304.590.348,00 | 115.121 | 1.161.788.742,00 | 18.283 | 84,54 | 89,05 | 15,88 | 142.801.606,00 | 96.838 |
| 8 | Штедилница ""Фершпед"" Д.О.О. Скопје | 13.04.2010 | 6.217,00 | 6.217,00 | 230 | 0,00 | 0 | 100,00 | 0,00 | 0,00 | 6.217,00 | 230 |
| 9 | Штедилница ИНКО д.о.о. Скопје | 22.09.2010 | 11.927.739,00 | 11.771.612,00 | 60 | 11.630.312,00 | 39 | 98,69 | 98,80 | 65,00 | 141.300,00 | 21 |
| 10 | Штедилница Интерфалко д.о.о. - Скопје | 19.12.2012 | 17.832.485,00 | 17.832.485,00 | 62 | 17.824.557,00 | 21 | 100,00 | 99,96 | 33,87 | 7.928,00 | 41 |
| | | | 1.786.259.832,00 | 1.522.805.932,00 | 121.951 | 1.371.350.369,00 | 20.042 | 85,25 | 90,05 | 16,43 | 151.455.563,00 | 101.909 |

Извор: Административни податоци на Фондот